**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1103-628/6**

**Скопје, 27.11.2006 година**

**ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА ЈУЖНИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ КУЛТУРИ СТРУМИЦА**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Универзитет ″Св. Кирил и Методиј″-Скопје , ЈНУ Институт за јужни земјоделски култури Струмица-Сметка за приходи од самофинансирачки активности, за 2005 година, кои се прикажани на страните 9 до 11.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Универзитет ″Св. Кирил и Методиј″–Скопје , ЈНУ Институт за јужни земјоделски култури Струмица (во понатамошниот текст Институт за јужни земјоделски култури Струмица) за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

   – Саша Митрев, Директор

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 8, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена од страна на тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 18.09.2006 до 27.10.2006 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и

- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. На ден 20.11.2006 година со писмо број 1104-628/5 доставени се забелешки по точките 10.1, 10.2, 10.3, 10.4, 10.5 и 10.6 од Претходниот извештај на овластениот државен ревизор. Истите се разгледани и констатирано е дека не ги оспоруваат наодите на ревизијата, туку претставуваат образложенија за утврдените состојби и планирани активности за прифаќање на препораките дадени од страна на ревизијата заради што наодите остануваат непроменети во Конечниот извештај.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

11.1. **Системски слабости**

11.1.1. ЈНУ Иститут за јужни земјоделски култури Струмица, основал трговско друштво ДООЕЛ Агронаука Струмица, како единствен содружник на средства со основачки влог-опрема во износ од 1.074 илјади денари. При тоа наместо да ја обезбеди согласноста од Владата на РМ според Законот за установите, истата ја обезбедил од раководител на сектор при Министерството за образование и наука неколку месеци по неговото регистрирање во судот. Причина за формирање трговското друшто е: недостигот на буџетски средства за финансирање на научно истражувачката работа, законски ограничувања во користењето на средствата од самофинансирачки активности, неодобрување на нови вработувања и сл., кои ги оневозможуваат научните работници целосно да се посветат на научно истражувачката работа.

**Препораки и мерки**

1. Владата на Република Македонија да ја преиспита можноста за целосно финансирање на научно истражувачката работа од буџетот на РМ како основна дејност на научните институти. На овој начин ке им се овозможи на научните работници да се занимаваат единствено со научна дејност и нивниот труд нема да се експлоатира во други области како решение за обезбедување на дополнителни средства за финансирање на дејноста.

11.2. **Неправилна примена на акти:**

11.2.1. Спротивно на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници финансиските извештаи на Институтот за јужни земјоделски култури не даваат точен, вистинит и целосен преглед на приходите, расходите како и состојбата на средствата, обврските и изворите на средствата. Ревизијата утврди неусогласеност на главната книга со финансискиот извештај - Биланс на состојба кај ставките: материјални средства, парични средства, побарувања, залихи и тековни обврски и кај финансискиот извештај - Биланс на приходи и расходи несовпагање на вкупните расходи и нето вишокот на приходи-добивката пред оданочување Доставените финансиски извештаи кои содржат нереални податоци ги оневозможува надлежните органи да вршат реално планирање и извршување на средствата од Буџетот како и да донесуваат правилни одлуки за други цели - Прилог 1 и 2 дадени како дополнување на финансиските извештаи заради добивање на појасна слика за утврдените состојби .

11.2.2. Иако во согласност со Правилникот за организација на работата и систематизација на работните места на Институтот вработено е лице-сметководител, Советот на Институтот донел Одлука за склучување на Договор за деловно техничка соработка со фирмата ДПТП “ Декан-конт“-Струмица чиј предмет е давање консултантски услуги во сметководствено–финансиската служба односно превземање на сите потребни дејствија околу точноста на сметководствените книжења. И покрај намерата да се устрои соодветна сметководствена евиденција со ангажирање надворешно лице ревизијата ги утврди следните неправилности:

- не се применувани конзистентни сметководствени политики односно материјалните средства се евидентирани во согласност со начелото на парично искажување додека сите останати ставки се евидентирани на пресметковна основа;
- не е извршен попис на паричните средства што има за ефект неизвршено усогласување на паричните средства според последниот извод од трезорот и книговодствената состојба која покажува минусно салдо на жиро сметката;
- несоодветно спроведени книжења заради кои производството во сметководствената евиденција е со негативна вредност;
- не е направена пресметка на производството ниту пак се утврдени сметководствени политики на кои што ке се заснова пресметката на производството;
- не се изготвувани калкулации за утврдување на цената на чинење на готовите производи;
- не е извршен попис на недовршеното производство и готовите производи;
- при евидентирањето на продажбата на трговска стока што се врши на пресметковна основа недостасува книжен став за задолжувањето на сметката-Набавна вредност на трговската стока и одобрување на сметката-Приходи од продажба на стоки што има за ефект покрај потценување на наведените позиции и потценување на основицата за пресметка на Данокот на додадена вредност;
- евидентирање на пресметаната амортизација на целокупната опрема на Институтот на сметката за самофинансирачки активности како резултат на што потценета е вредноста на опремата што е искажана на оваа сметка, преценета е амортизацијата и потценет е државниот јавен капитал;

- неусогласеност на државниот јавен капитал со вредноста на постојаните средства и залихите;
- несоодветно извршен отпис на побарувањата на товар на капиталот во услови на сметководствена евиденција на пресметковна основа за износ од 118 илјади денари;
- несоодветна употреба на сметките од временските разграничувања.

Заради сето наведено погоре сметководствената евиденција на Институтот не обезбедува податоци врз основа на кои што може да се направат согледувања за состојбите и за движењето на средствата, обврските, изворите на средствата, приходите и другите приливи, за расходите и другите одливи и резултатот од работењето во согласност со Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Вака спроведените книжења во сметководствената евиденција не обезбедуваат реална основа за пресметка на данокот на додадена вредност и Данокот од добивка .

**Препораки и мерки:**

1. Директорот на Институтот да овласти компетентен сметководител кој ке изготви финансиски извештаи, засновани на реални состојби усогласени со сметководствената евиденција, што ќе обезбедат реална основа за донесување на деловни одлуки.
2. Заради утврдените неправилности кои произлегуваат од примена на неконзистентни политики, недоследност во спроведувањето на книжни ставови во сметководствената евиденција, ревизијата е на мислење дека за надминување на утврдените состојби неопходно е да се преработи целокупната сметководствена евиденција со применет единствен и соодветен (буџетски) сметководствен пристап кој ќе даде реална слика на состојбите на средствата и изворите на средствата како и на настанатите финансиски трансакции.

### 11.3. Неправилна примена на сметководствените политики и начела:

11.3.1. Признавањето на приходите и другите приливи, расходите и другите одливи содржани во главната книга кај Институтот за јужни земјоделски култури Струмица не е спроведено според сметководственото начело на парично искажување како резултат на што од деловните книги не може да се обезбедат согледувања за состојбите на средствата и изворите на средствата како и за приходите и расходите во согласност со Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

11.3.2. Ревизијата утврди дека на Сметката за самофинансирачки активности на Институтот за јужни земјоделски култури затворањето на обврските и побарувањата се врши по пат на компензации, асигнации и цесии. Ваквиот начин на затворање на околу 80 % од обврските и побарувањата (без при тоа истите да бидат регистрирани преку жиро сметката) иако е пропишан со Законот за облигациони односи го нарушува начелото на парично искажување и е во спротивност со Законот за буџетите и Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Ревизијата е должна да укаже дека спротивно на споменатото начело е и исплатата на дел од надоместокот за патни и дневни расходи на вработените лица во натура која е несоодветно евидентирана и има за последица нереално и необјективно прикажување на позициите: побарувања од купувачи и обврски спрема вработените.

11.3.3. Во Институтот за јужни земјоделски култури Струмица не е извршен отпис на побарувањата од купувачите за кои што е покрената постапка за стечај и ликвидација во износ од 5.155 илјади денари, а истите се пријавени во стечајната маса на должникот. Побарувањата чија што наплата е неизвесна врз основа на оценка на раководството се издвоени на посебна сметка во сметководствената евиденција , но не е извршен нивен отпис иако според Законот за данок од добивка се признаваат како расход во Даночниот биланс заради што основицата за пресметка на Данокот од добивка е повисока.

**Препораки и мерки:**

1. ЈНУ Институт за јужни земјоделски култури сметководствената евиденција на Сметката за самофинансирачки активности да ја воспостави согласно буџетското начело на парично искажување пропишано со Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Буџеткото евидентирање на материјалните средства и залихите да биде проследено со соодветни промени во Капиталот.
2. Директорот на Институтот да обезбеди напуштање на праксата на затворање на обврските и побарувањата по пат на компензации, цесии и асигнации со што ке се овозможи примената на начелото на парично искажување во согласност со Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.
3. Одговорниот сметководител да превземе мерки за отпис на пријавените побарувања од купувачите за кои што е покрената постапка за стечај и ликвидација.

## 11.4. Неправилности во искажување на приходите/расходите

11.4.1. Ревизијата не е убедена во реалноста и објективноста на евидентираните приходи остварени по основ на продажба на сопствени производи и стоки и вршење на услуги заради: неевидентирање на приходите од продажба на стоки, неизготвување на калкулации за утврдување на цената на чинење на сопствените производи, непостоење на официјален ценовник за висината на цената на услугите, несклучување на договори со субјектите приматели на услугите и сл. Ваквиот начин на работење го оневозможува Институтот да ги проценува приходите остварени од самофинансирачки активности и истите да ги буџетира според трошковни ставки и потставки во согласност со Законот за буџетите.

**Препораки и мерки:**

1. Одговорниот сметководител да превземе мерки за надминување на состојбите во однос на евидентирањето на приходите од продажба на стоки и изготвување на калкулации за цената на чинење на сопствените производи. Директорот на Институтот да утврди методологија за пресметка на цените на услугите, во која што ке бидат утврдени критериумите за одобрување на попусти и слично.

## 11.5. Неправилности во искажување на билансните позиции

11.5.1. Во сметководството на Институтот за јужни земјоделски култури не е извршено евидентирање на вредноста на земјиштето со вкупна површина околу 85 ха иако од приложената документација (поседовни и имотни

листови) се утврди дека истото е дадено на користење на Институтот. Неевидентирањето на недвижните ствари е во спротивност со Законот за користење и располагање со стварите на државните органи и има за ефект потценување на позицијата Материјални добра и природни богатства во Билансот на состојба.

11.5.2. Институтот за јужни земјоделски култури Струмица располага со три магацини лоцирани во Струмица, Штип и Кочани и со сите управува еден магационер со седиште во Струмица. Магационерот не врши квантитативен и физички прием на материјалите во Штип и Кочани туку тоа го вршат научните работници кои ги набавуваат и издаваат материјалите, а приемниците и испратниците ги изготвува магационерот врз основа на усно информирање. Ваквиот начин на работење не обезбедува материјално задолжување на одредено лице независно од лицата кои набавуваат и требуваат материјали, што може да има за последица злоупотреба и нереално прикажување на залихите во Билансот на состојбата. Заради ограничениот број на вработени, истото лице е магационер, материјален книговодител и благајник што укажува на неразграничување на должности и одговорности, односно концентрација на повеке должности кај едно лице заради што е оневозможено воспоставувањето на внатрешната контрола во согласност со Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисните.

**Препораки и мерки:**

1. Инстутутот за јужни земјоделски култури да превземе активности за востановување и водење на внатрешна евиденција на недвижните ствари како и да достави податоци од таа евиденција до Државниот завод за геодетски работи потребни за евидентирање на недвижностите во Евидентната книга во согласност со Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост.
2. Директорот на Институтот да превземе мерки за разграничување на должностите помегу вработените, воспоставување на постапки и процедури околу задолжувањето со стоката со што ќе се создадат предуслови за функционирање на системот на интерни контроли.

11.6. **Ненаменско и незаконско користење на средствата:**

11.6.1. Советот на Институтот за јужни земјоделски култури Струмица на 31.01.2001 година донел Одлука за кредитирање на дел од научните работници за набавка на автомобили добиени преку безготовинско затворање на побарувања од повеќегодишни проблематични должници на Институтот. Во Одлуката се определени три лица кои што ке се кредитираат при што кредитот ке го отплакаат без камата најмногу до пет години. Бескаматното кредитирање на вработени лица со средства од буџетот на РМ е во спротивност со Законот за извршување на буџетот на РМ според кој буџетските корисници се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично и има за ефект ненаплатени средства во износ од 316 илјади денари од работник на кој што со Решение на Советот бр 0402-673 од 17.07.2003 година му престанал работниот однос како и стекнување лична имотна корист на поединци.

11.6.2. При ревизијата на постапките и процедурите од аспект на примена на Законот за јавни набавки ревизијата утврди дека истите не се испочитувани за набавки во вкупен износ од 4.528 илјади денари во следните случаи:

11.6.2.1. При набавките на канцелариска опрема во износ од 197 иљади денари за изборот на ДПТУ Радодизајн доел Штип применети се критериуми кои што не се наведени во тендерската документација со што добавувачите се доведени во нерамноправна положба;

11.6.2.2. При изборот на добавувачи за вршење на земјоделски услуги склучени се договори во вкупен износ од 4.243 иљади денари со фирмите ДПТУ Агроцентар доо Кочани, ДПТУ Биотренд дооел Штип и. ДПУЗ Еко тренд дооел Струмица. Со увидот во документацијата се утврди дека избраните добавувачи не доставиле комплетни документи за финансиската, економската и техничката способност на понудувачите, а кои што согласно Законот за јавни набавки се исклучуваат од постапката и нивните понуди не се разгледуваат. Ревизијата е должна да укаже на фактот дека наведените фирми се во сопственост на вработени во Институтот како научни и раководни работници или на членови на нивното потесно семејство и заради постоењето на конфликт на интереси требало да се изземат од постапката за јавни набавки. Исто така во договорите со овие добавувачи не е наведена вкупната цена на договорот туку истиот се повикува на поединечни цени од понудите со што е отежнато следењето на реализацијата на истиот и остава простор за измами и грешки;

11.6.2.3. Склучен е договор со Ројал Секурити од Штип за обезбедување на површини во с. Ерџелија на износ од 727 иљади денари врз основа на Одлука на Советот донесена пред Одлуката на Комисијата за јавни набавки (донесена врз основа на два доставени договори наместо понуди) што упатува на несоодветно спроведена постапка согласно Законот за јавни набавки.

11.6.2.4. Кај набавките од мала вредност во вкупен износ од 88 иљади денари изборот не е извршен од страна на Директорот туку од Советот на Институтот или Комисијата за јавни набавки.

Непочитувањето на Законот за јавни набавки и неспроведувањето на соодветни постапки предизвикува ненаменско и незаконско користење на средства, дискриминирање на понудувачите, нелојална конкуренција и не обезбедена транспарентност и јавност на постапката.

**Препораки и мерки:**

1. Директорот на Институтот да обезбеди средствата од буџетот на Републиката да се користат наменски и економично и да се оневозможи користењето на истите за стекнување на лична корист на вработените лица.
2. Директорот на Институтот преку Комисијата за јавни набавки да обезбеди спроведување на постапки за избор на најповолен добавувач кои што ќе бидат транспарентни и јавни , ке обезбедат фер конкуренција без конфликт на интереси со што ке обезбеди набавка по најниски цени, наменско и законско користење на средствата од буџетот на РМ.

12. Вкупен ефект од изнесените наоди од точката 11.2 .до 11.5 е нереално и необјективно прикажување на финансиските извештаи Биланс на состојба и Биланс на приходи и расходи и во точката 11.6 ненеменско и незаконско користење на средства во износ од 4.844 иљади денари .

13. Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 11.2. до 11.5, ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на Универзитет ″Св. Кирил и Методиј″ – Скопје , ЈНУ Институт за јужни земјоделски култури Струмица-Сметка за приходи од самофинансирачки активности на ден 31 Декември.2005 година.

14. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точката 11.6 кај Универзитет ″Св. Кирил и Методиј″ – Скопје , ЈНУ Институт за јужни земјоделски култури Струмица не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

**Овластен државен ревизор**

**Скопје, 22.11.2006 година**

**Универзитет "Св.Кирил и Методиј" Скопје**
**ЈНУ Институт за јужни земјоделски култури Струмица**

**Сметка за приходи од самофинансирачки активности**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 16,498 | 15,652 |
| **Вкупно приходи** | **16,498** | **15,652** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 2,296 | 2,191 |
| Стоки и услуги | 9,202 | 13,399 |
| Тековни трансфери до вонбуџетските фондови | 0 | 3 |
| **Вкупно тековни расходи** | **11,498** | **15,593** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 897 | 0 |
| **Вкупно капитални расходи** | **897** | **0** |
| **Вкупно расходи** | **15,943** | **15,593** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **555** | **59** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | 83 | 9 |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **472** | **50** |

**Универзитет “Св.Кирил и Методиј“ Скопје**
**ЈНУ Институт за јужни земјоделски култури Струмица**
**Сметка за приходи од самофинансирачки активности**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 0 | 506 |
| Побарувања | 14,688 | 13,887 |
| Активни временски разграничувања | | 101 |
| Залихи | 8,315 | 6,523 |
| **Вкупно тековни средства** | **23,003** | **21,017** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 10,938 | 12,749 |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | 1,074 | 180 |
| **Вкупно постојани средства** | **12,012** | **12,929** |
| **Вкупна актива** | **35,015** | **32,685** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 11,478 | 8,601 |
| Обврски спрема државата и други институции | 874 | 500 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 257 | 235 |
| Пасивни временски разграничувања | | 235 |
| **Вкупно тековни обврски** | **12,609** | **9,571** |
| **Долгорочни обврски** | **631** | **631** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 12,760 | 13,450 |
| Ревалоризациона резерва | 9,013 | 9,013 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **21,773** | **22,463** |
| **Извори на други средства** | **2** | **20** |
| **Вкупна пасива** | **35,015** | **32,685** |

**Универзитет “Св.Кирил и Методиј“ Скопје**
**ЈНУ Институт за јужни земјоделски култури Струмица**
**Сметка за приходи од самофинансирачки активности**

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2005 ГОДИНА

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **22,463** | **-** | **22,463** |
| **Зголемување по основ на:** | **450** | **-** | **450** |
| Набавки | 788 | | **788** |
| Отпис на побарувања | (338) | | **(338)** |
| **Намалување по основ на:** | **1,140** | **-** | **1,140** |
| Отпис на обврски | (220) | | **(220)** |
| Амортизација | 1,360 | | **1,360** |
| **Состојба 31.12.2005 година** | **21,773** | **-** | **21,773** |